| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Врапчето во зима |
| **Содржина на денот** | Трошки за врапчето |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со детето за начинот на миење на рацете, потоа и практично објаснете му како се мијат рачињата. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со слика на врапче каде со детето ќе ги повторите веќе стекнатите знења за врапчето. Акцент ќе ставите на тоа со што се храни врапчето и колку му е тешко во зима, бидејќи нема што да јаде.<br>Продолжете со куса прошетка во блиската околина, набљудувајте ги промените на времето во зима и потрудете се да видите врапче, така што на тој начин детето ќе може да го види со сите негови делови.<br>Откако ќе се вратите од прошетка , заедно со детето замесете тесто, нека учествува и детето во подготовката ( нека меси, гмечи и сл.).<br>Објаснете му ја постапката како да прави трошки за врапчето за да не биде гладно во зима. Поттикнувајте го на истрајност во работата.<br>Активноста завршете ја со слушање на песната „Врапче“ – Супер Ѕвезда 2006 год.<br>‣Во прилог линк од песната:<br>https://www.youtube.com/watch?v=OnBLL_TwRX4 |